ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 24.11.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски, Советник Александар Ангелов Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се провери дали има изготвен проект за ул. Калин Камен, доколку има да се разгледа и да се даде известување и предлог за потребни корекции на проектот за негова реализација. Никола Граматиков, Александар Ангелов 24.11.2015

За проектот за патот во с. Трново да се подготви документација за спроведување на постапка за експропријација и за добивање на одобрение за градење. Никола Граматиков 24.11.2015

Да се контактира во врска со нафтата за чистење на речните корита. Александар Ангелов 24.11.2015

Да се даде информација во врска со диглаката за мостовите. Никола Граматиков 24.11.2015

Во врска со проектот за Бојанов Дол, градежните работи за проектот се завршени, од страна на надзорот да се даде завршен извештај. Никола Граматиков и Томе Тодоровски 24.11.2015

За мостот во с. Тлменци да се преземат градежни активности за обезбедување од поплави. Александар Ангелов24.11.2015

За проектот Белевски Дол да се организира состанок во врска со предадената документација. Никола Граматиков24.11.2015

Да се даваат известувања за текот на активностите за повеќенаменското игралиште.

Од страна на Бирото за регионален развој ќе се пушти повик за поднесување на апликации за проекти. По состанокот во СИПР во поглед на определениот износ кој ќе го добие Општина Крива Паланка да се направи согледување со кои проекти општината ќе аплицира. Да се води сметка проектите да бидат од регионално значење односно туристичко значење. Како можни проекти да бидат разгледани: Регионален центар за обуки – Голема Сала при општината, Проект за пат во с. Трново, Проект за пат Калин Камен и пат во с. Градец. Пренесено од претходниот колегиум

Да се информира Градоначалникот за изработката на проект за канализација во с. Конопница и за проектот за Пречистителна станица за Крива Паланка. Исто така да се разгледа и за проект за водовод во с. Конопница. Никола Граматиков континуирано

Да се водат активности за поставување на јарболот со Македонско знаме

До Градоначалникот да се даваат известувања за проектите Бојанов Дол, Белевски Дол , Висока Зона Лев Брег, Повеќенаменско игралиште. Никола Граматиков континуирано

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Да се оствари состанок во врска со доделување на средства за корекции на урбанистичкиот план. Добривој Николовски 24.11.2015

Градоначалникот да се известува за активностите во врска со Урбанистичките планови. За изготвувањето на општите акти е дадено информација дека се изработуваат Мождивњак, Огут, Лозаново, Кошари, Градец. Добривој Николовски 24.11.2015

При изработка на плановите да се стави маркица на просторот кај зелениот пазар за изградба на покриен пазар и зграда, да се провери за влогови, комуналии и спроведување на активноста преку ЈПП студија. Добривој Николовски 24.11.2015

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Да се продолжи со активностите околу оценување на административни службеници.

Да се разгледа Правилникот за систематизација од страна на сите раководители и да се доставaт забелешки и предлози до градоначалникот. Сите раководители 24.11.2015

**Одделение за инспекциски надзор**

Од страна на Комуналниот инспектор да се донесе акт за отстранување на дрва за огрев за пристап во речното корито од градежна машина и преземање на активности за расчистување.

Да се презакаже презентација на проектот за собирање на електронскиот отпад Бранко Велиновски. пренесено од претходниот колегиум

Да се определи место за поставување на контејнер за електронски отпад. Бранко Велиновски 24.11.2015

**Одделение за финансиски прашања**

Опомените за користење на простор пред деловни објекти да се доставаат со предупредување за камата. Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум

Да се види за распоредување на комуналните трошоци за користење на просториите со останатите институции во општината. Да се соберат сите потебни податоци да се даде предлог решение и да се повикаат корисниците на простории во општината Татјана Ѓоргиевска и Јаготка Николовска.пренесено од претходниот колегиум

Да се изготват и доставаат опомени за наплата на такса за користење на простор пред деловен објект. Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

За проектот Висока Зона лев брег е дадено известување дека градежните работи за машинско копање се завршени , во тек се активности за рачно копање, за пешачката патека и други поврзани градежни активности. Томе Тодоровски. 24.11.2015 г.

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 24.11.2015 година